Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-301/3
05-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-301/1 од 6.3.2024 година, поднесена од [redacted] од Демир Капија, со адреса на живеење на [redacted] против [redacted] од Неготино, за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.5.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација во областа на работата и работните односи сторено од страна на [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 6.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] од Демир Капија против [redacted] д Неготино, за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, станува збор за двајца колеги вработени, [redacted]. На ден 6.3.2024 година пријавениот [redacted] му се обратил на [redacted] преку СМС порака во која го нарекол „обратен", алудирајќи на неговата сексуална ориентација.
Имено, СМС пораката гласи: „Ova ti go pisuva [redacted]. Obraten TI LICNO si mi dolzen 11 dena prekuvremeno. [redacted] Za toa zaboravi go mojot privaten broj, Obraten".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.3.2024 година испрати Известување бр. 08-301/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

Бидејќи и по истек на законскиот рок, а до моментот на носење на ова мислење, не беше пристигнат одговор на известувањето, Комисијата при носењето на ова мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

Во оваа насока вознемирувањето, како облик на дискриминација, е дефинирано во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Во конкретниот случај, [redacted] му испратил СМС порака на својот колега [redacted] во врска со несогласувања околу прекувремените часови работа и исплатата на 13-та плата, притоа обраќајќи му се пејоративно со зборот „обратен". Искористувајќи ја неговата сексуална ориентација во негативен контекст, тој предизвикал чувство на вознемиреност кај подносителот на претставката, односно создал непријателска и понижувачка работна средина.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди сторено вознемирување од страна на [redacted] кон [redacted]

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да се извини на [redacted] за говорот содржан во СМС пораката со кој е извршено вознемирување врз основа на сексуална ориентација. Извинувањето треба да го даде во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од дискриминаторски говор врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
4.6.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk